Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-184/3

03-05-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-184/1 од 22.03.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 20.04.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација сторено од [redacted] врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, сторено преку објава на социјалната мрежа „Фејсбук".

## Образложение

На ден 22.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против лицето [redacted], за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација, во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека на ден 20.03.2022 година преку објава на социјалната мрежа „Фејсбук", лицето [redacted] споделил статус со вознемирувачка содржина упатена кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката, наведен е текстот на објавата во кој се вели: „Како мажи имате две обврски во општеството. Како прво тоа е да се грижите и да го обезбедите семејството материјално и физички и како второ е да го елиминирате секој кој во тоа ве попречува или сака да ве попречи. Ете токму заради тоа сакаат да ве претворат у педери".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од наодите во претставката и приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 30.03.2022 година испрати Известување бр. 08-184/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]. После враќање на пратката од пошта и извршен обид за доставување на претставката на произнесување на ден 04.04.2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека лицето не ја примило пратката и соодветно на тоа, не се произнело кон наводите на претставката.

Соодветно на горенаведеното, согласно член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи во законскиот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе ова мислење имајќи ги предвид приложената претставка и докази од страна на подносителот, како и констатираната фактичка состојба.

Согласно утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење, констатирајќи дека со споделувањето на спорната објава, лицето [redacted] постапило спротивно на одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно исполнета е законската дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврдува вознемирување врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми сторена од страна на [redacted], врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поради отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на лицето [redacted] да ја избрише спорната објава и да упати јавно извинување кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на оваа препорака**. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува во иднина да не се објавуваат содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, ниту содржини кои продуцираат дискриминирачка и вознемирувачка содржина.

Доколку лицето [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
03.05.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
[redacted]